КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-180-37/1
22.02.2023 год.
СКОПЈЕ

**МИСЛЕЊЕ**
**на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје**
**кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2022 година**

Годишниот извештај за работењето на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година вклучува податоци за условите во кои Банката ја остваруваше својата активност, остварување на билансот на Банката, остварените финансиски резултати, управувањето со ризици, усогласеноста со супервизорските стандарди и Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза, финансиските активности, работењето на органите на Банката, развојот на информатичката технологија, активностите на внатрешната ревизија, корпоративната општествена одговорност и останатите деловни активности на Банката.

Годишниот извештај дава комплетна слика за работењето на Банката во 2022 година и остварените финансиски резултати. Преку деталната презентација во дваесет и две глави од Извештајот, дадени се податоци за банкарските активности, остварувањата во текот на 2022 година, состојбата на извештајниот датум, оствареното пазарно учество и др.

Од Годишниот извештај може да се констатира пораст на билансната актива за 2022 година. Банката работеше во кризна година во која сè уште беа присутни ризиците поврзани со пандемијата со ковид-19, но исто така економијата беше соочена со шокови поврзани со енергетската криза и зголемена инфлација како резултат на воениот конфликт помеѓу Русија и Украина. Притоа, Банката, согласно издвојувањето на дел од добивката во резерви, ја потврди својата стратешка определба за континуирано зголемување на вредноста на капиталот што ќе ѝ овозможи дополнителен раст и одржување на пазарното учество, како и адекватно исполнување на супервизорските стандарди. На крајот од 2022 година Банката оствари позитивен резултат од работењето.
Во Извештајот на систематизиран начин е презентирано остварувањето на одделните банкарски активности кои придонесуваат за успешно работење, подобро и квалитетно управување со Банката, почитување и усогласеност со целокупната законска регулатива.

Согласно Законот за трговски друштва, како и Правилникот за котација на Македонската берза, во Годишниот извештај се презентирани сите информации пропишани со наведената регулатива и Извештајот за Корпоративно управување во Комерцијална банка АД Скопје е составен дел на Годишниот извештај за работењето на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година. Исто така, согласно усвоената Политика за одржливост на Комерцијална банка АД Скопје, во Извештајот во посебен дел се презентирани и активностите на Банката поврзани со заштитата на животната средина, општествените прашања и доброто корпоративно управување.

Според нашето мислење, Годишниот извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2022 година.

**ЗАМЕНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА БАНКАТА**

**Таки Фити**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ 03